СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

MEMBER OF
fdi
FDI World Dental Federation

**Бр. 02-398/5**
**22.10.2021, Скопје**

**И З В Е Ш Т А Ј**
од **20-та седница** на Извршниот одбор на СКМ
одржана **на ден 03.04.2021 година**

На **20-тата седница** на Извршниот одбор на СКМ **присуствуваа 15 членови.**

На седницата оправдано отсутен беше д-р Јован Гагалески.

На седницата присуствуваше и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во **10:00 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими, со читање на предлог- дневниот ред.

По отварање на седницата и откако се констатира кворум и прочита предлог-дневен ред Претседателот на ИО, д-р Мирлинд Селими, предложи измена и изземање на точката бр.3. Разгледување на предлог-текст на СТАТУТ на СКМ доставен од Комисијата за статутарни и правни прашања што беше поддржано и од неколкумина други членови на ИО. По дискусија во која се вклучија повеќето членови на Извршниот одбор, сепак се постигна договор и сите се согласија расправата за предлог-текстот на СТАТУТОТ на СКМ да не се одложува и дневниот ред да не се менува. Претседателот на ИО го стави дневниот ред на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен, без измени и дополнување и стана дневен ред со следниве точки:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 19-та седница на ИО на СКМ;
2. Разгледување и усвојување на Предлог-финансиски план за 2021 година;
3. Разгледување на Предлог-текст на СТАТУТ на СКМ доставен од Комисијата за статутарни и правни прашања;
4. Разгледување на Предлог - правилници доставени од Комисијата за статутарни и правни прашања:
   - Предлог-правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата;
   - Предлог-правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се спроведува пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата;
5. Информација за тековните активности на СКМ;
6. Разно.

Пред да се почне со разгледување на точките на дневен ред, д-р Чемерска предложи да ѝ се оддаде почит со едноминутно молчење на д-р Снежана Витанова Алексовска, почината колешка стоматолог од Неготино, која починала од компликации настанати од корона-вирус.

1. **Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 19-та седница на ИО на СКМ;**

Предлог-записникот од 19-тата седница на Извршниот одбор, одржана на ден 13.03.2021 година, беше едногласно усвоен, без измени и дополнувања.

2. **Разгледување и усвојување на Предлог-финансиски план за 2021 година;**

По усвојувањето на предлог-финасискиот извештај на минатата седница, на оваа седница Предлог-финансискиот план за 2021 година беше детално образложен и разгледан, пред сè согледувајќи ги планираните трошоци и приходи на Комората за 2021 година, по што се отвори расправа меѓу присутните. По дискусијата планот едногласно се усвои, по што д-р Манасиев предложи, на наредната седница на Собранието д-р Денковски да се задолжи како член на ИО и да се овласти да ги образложи финансискиот извештај за 2020 и финансискиот план за 2021 година, со цел делегатите да добијат конкретен одговор на поставените прашања во врска со истите.

За таа цел, д-р Манасиев предложи Извршниот одбор како предлагач на извештајот и планот, да донесе **Одлука - овластен претставник од ИО за образложување на финансискиот извештај за 2020 и финансискиот план за 2021 година да биде д-р Денковски.**

Извршниот одбор донесе **Одлука да се усвои предлог-финансискиот план за работата на Комората за 2021 година,** истиот е усвоен едногласно, а истата формално-правно ќе ја изработи Стручната служба на Комората.

3. **Разгледување на Предлог-текст на СТАТУТ на СКМ, доставен од Комисијата за статутарни и правни прашања;**

Работниот текст на Статутот беше поставен на интернет-страницата на Комората за разгледување и давање предлози, идеи и забелешки од членовите на Комората. Периодот за разгледување и давање предлози, идеи и забелешки од членовите на Комората траеше 30 (триесет) дена, односно до 15.03.2021 година. Членовите на Комората, своите предлози и забелешки требаше да ги достават на е-маил адреса на претседателите на своите Регионални одбори, во рок од 30 (триесет) дена, кои потоа во рок од 8 (осум) дена по истекот на рокот од 30 дена, истите ги доставуваат до Комисијата за статутарни и правни прашања. На својата последна седница, по утврдувањето на предлог – текстот, Комисијата за статутарни и правни прашања, го достави на разгледување до Извршниот одбор на Комората, кој согласно Статутот на Комората е предлагач до Собранието на Комората.

На седницата беше разгледан пристигнатиот допис со забелешки на работниот текст на Статутот од страна на Претседателот на РО Кочани, д-р Оливер Манасиев, заведен во Комората под арх.бр.24-366/1 од 23.03.2021 година.

До Извршниот одбор на Комората се доставени забелешки на работниот текст на Статутот од страна на членот на Комисијата за статутарни и правни прашања, д-р Џељал Ибраими. Констатирано е дека забелешките не се доставени во пропишаната форма согласно член 82 од Статутот на СКМ (пречистен текст бр. 02-1396/1 од 07.11.2018 г.) и истите се однесуваат на работен текст на Статутот разгледуван на седница на Комисијата за статутарни и правни прашања, кој не е идентичен со Предлог-текстот на СТАТУТОТ на СКМ. Предлог-текстот кој како конечен е усвоен на седница на Комисијата на која и д-р Ибраими е член, а за кој текст самата Комисија едногласно донесе заклучок да се објави како работен текст, согласно одредбите од Статутот, на веб-страната на Комората, додека рокот за разгледување и доставување на забелешки на Статутот е истечен на ден 15.03.2021 г. и истиот си има соодветна процедура и не може да се продолжи или да се поднесува на начин спротивен од пропишаниот со Статутот.

На седницата се премина на разгледување на работниот текст на СТАТУТОТ на СКМ, член по член, и се отвори дискусија во која се вклучија сите членови на ИО, по што на крајот беше усогласен текстот на Статутот кој едногласно се усвои за предлог-текст на Статутот, кој ќе биде доставен и до Собранието на СКМ на првата наредна седница и истиот е во прилог на овој записник.

4. **Разгледување на Предлог - правилници доставени од Комисијата за статутарни и правни прашања:**

- Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата;
- Предлог-правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се спроведува пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата;

По однос на оваа точка, откако беа разгледани предложените текстови на Правилниците, беше донесен заклучок истите да бидат разгледувани и усогласувани со правниот сектор при Министерството за здравство. По усогласување на ставовите со МЗ, Правилниците ќе бидат повторно разгледани на седница на Комисијата за статутарни и правни прашања, по што ќе се доставaт повторно до ИО за понатамошна процедура до нивно носење до Собранието на Комората.

5. **Информација за тековните активности на СКМ;**

По однос на оваа точка, д-р Денковски ги извести присутните за комуникацијата на Комората со Министерството за здравство околу текот на вакцинацијата на докторите на стоматологија, а во очекување е и отпочнувањето со вакцинација на членовите на стоматолошките тимови. Комората е во континуирана комуникација и со сите останати релевантни институции во државата.

По исцрпување на дневниот ред, 20-тата седницата на ИО на СКМ заврши во 14:25 часот.

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Извршен одбор на СКМ,**
**д-р Мирлинд Селими**

Записничар,
м-р Ана Ангелеска

М.П.

*Записникот е составен од аудио снимка од седницата.
*Содржината на овој Записник е од интерен карактер за телата и органите на Стоматолошката комора на Македонија и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.